Години
Младите
Можат

Здружение на граѓани Младите можат
+389 (02) 6130 709
info@youthcan.org.mk
https://www.youthcan.org.mk/
ул. Христо Смирненски бр. 11, 1000 Скопје

Konrad Adenauer Stiftung

Wilfried Martens Centre for European Studies

# [ИСТРАЖУВАЊЕ]

## Анализа на потребите на младите во општина Карпош

**Истражувач: Ивана Петкуќеска**

**февруари, 2015**

## Цел на истражувањето

Целта на истражувањето е да се идентификуваат главните потреби и предизвици кои ги засегаат младите на возраст од 15 – 29 години во општина Карпош и тоа во различни области кои се во нивна надлежност според Законот за локална самоуправа (2002 година). Квалитативното истражување се спроведе во рамки на проектот "Формирање на локални младински совети" имплементиран од "Фондација Конрад Аденауер" во партнерство со "Младите можат" и "Вилфрид Мартенс Центарот за Европски студии – Брисел".

## Методологија

Беа спроведени две фокус групи на кои учествуваа вкупно 15 млади жители од општина Карпош, на возраст од 15 – 29 години. Учесниците беа поделени во две групи, зависно од возраста. Првата фокус група се оддржа на 24 јануари 2015 година и ја сочинуваа 9 учесници на возраст од 15 - 21 година, од кои 5 беа машки, а 4 женски. Повеќе од половина од учесниците, односно 5, имаа искуство со младински иницијативи и младинска работа. Втората фокус група се оддржа на 25 јануари 2015 година и во неа учествуваа 7 млади луѓе на возраст од 21 – 29 години, од кои 3 беа машки а 4 женски. Како и во случајот со предходната фокус група, повеќе од половина од учесниците, односно 4, имаа искуство со младински иницијативи и младинска работа.

# [ЗАКЛУЧОЦИ]

***Генерално, младите во Карпош живеат добро***

Младите на возраст од 15 до 29 години генерално сметаат дека живеат добро во општината. Сепак, постои разлика помеѓу младите до 21 и над 21 година. Иако сметаат дека генерално живеат добро, сепак задоволството на вторите е на пониско ниво во споредба со помладите. Изјавите дека "Карпош е најдобрата општина" и дека "не би се одселиле", неколку пати беа повторувани во текот на фокус групите.

Младите се разликуваат и во однос на асоцијациите што ги имаат за општината. Додека за помладите, прва асоцијација за нивната општина е градоначалникот Стевче Јакимовски, Сити Мол и зеленилото, за постарите е квалитетот на живот, тоа што населбите се мирни и се посветува внимание на сите, како и поради многубројните институции кои постојат.

→*"Во Карпош има се што во една општина би требало да има." (машко, група до 21 год)*

***Образованото население се смета за најсилна страна, а недостатокот од паркинзи, читални и непланската урбанизација како најслаби страни.***

И двете групи како најсилна страна на општината го посочуваат населението, односно високиот степен на едуцираност и култура, како и економската моќ. Од аспект на силни страни, помладите дополнително ги истакнуваа и многубројните спортски активности, додека постарите ги истакнуваа манифестациите, општинскиот весник и книготеката.

Како слаби страни беа издвоени недостатокот на паркинг места и читални, додека младите над 21 година, како недостаток го издвојуваат губењето на маалскиот живот поради отстранувањето на клупите од школските дворови кои предходно служеле како место за социјализација на младите, ситуација која е особено резултат на брзата и непланска урбанизација.

***Поделено мислење: дали Карпош се развива или стагнира?***

Мнозинството од помладите сметаат дека општината позитивно се развива, иако мал дел од учесниците сметаат дека стагнира, од аспект на тоа дека истите активности постојано се повторуваат и не се воведуваат нови. Повозрасните се поголеми песимисти и наведуваат дека непланското и неквалитетно градежништво го намалува квалитетот на живот во општината, особено од аспект на постепеното губење на маалскиот социјален живот и намалувањето на зелените површини. Всушност, она што беше наведено како најслаба страна на општината е перцепирано и како причина за нејзино стагнирање.

***Поделено мислење: дали младите се доволно информирани за случувањата во општината или не?***

Информираноста е уште една област каде што групите се разликуваат. Додека помладите (до 21 год.) генерално се сметаат за информирани, повозрасните (+21 год.) не го споделуваат истото мислење. Помладите сметаат дека информациите за случувањата во општината се достапни преку голем број различни медиуми (весник, веб страна, социјални мрежи, ТВ емисијата “Карпош Визија”) и дека степенот на информираност зависи од тоа дали и колку личноста е (не)заинтересирана да се информира. Тие наведуваат дека дополнително би можело да има и постери, флаери и плакати, како начини за информирање за одредени настани. Од друга страна, повозрасните не го споделуваат позитивниот став на помладите во однос на весникот. Тие сметаат дека весникот содржи настани кои се спровеле во минатото и дека не е доволен. Дополнително додаваат дека важни информации се изоставени од истиот, особено за настани што ќе се случуваат во иднина.

***Младите се иницијативни и заинтересирани да ја контактираат општината, но незадоволни од одговорите кои ги добиваат***

Иако младите се заинтересирани и дел од нив веќе имаат искуство со контактирање на општината за различни прашања од нејзина надлежност, сепак дел од повозрасните (+21 год.) кои

се обиделе да воспоставaт контакт со цел да пријават проблем,  не беа задоволни од одговорите. Тие сметаат дека административните работи траат предолго и дека надлежните вработени, особено советниците, не се достапни. Од помладите (до 21 год.), оние кои реагирале преку веб страната/емаил не добиле одговор од кој се задоволни, додека оние кои спровеле иницијатива и собирале потписи, односно во случаи кога пред општината настапиле поголем број организирани луѓе, изјавија дека истата била успешна.

***Проблеми кои ги засегаат младите според надлежности***

Младите на возраст до 21 година изјавија дека генерално се сметаат за запознаени со надлежностите на општината, додека оние над 21 година сметаат дека се делумно запознаени, односно немаат познавање за сите области. Од аспект на надлежностите кои ги има локалната самоуправа во различни области, следните проблеми беа издвоени како приоритетни:

***Урбанистичко планирање***

**Приоритет: планско градење на нови згради.** Младите сметаат дека во последните години има интензивно, но непланско градење на неквалитетни нови згради кои влијаат негативно врз социјалниот (маалски) живот на младите, врз многу аспекти на животната средина, како и врз квалитетот на живот во рамки на општината.

*→"Во моментов е добро, но почна многу да се урбанизира општината и да се поставуваат згради и паркинзи на места каде што порано имало паркови. Сега треба да се стави фокус на животната средина за да не дојде до ситуација како во некои други општини каде што буквално нема зелена површина и се е бетон, се е сиво, се е монотоно. " (машко, група до 21 год)*

***Животна средина***

**Приоритет: бучава.** Младите сметаат дека има премногу бучава која се создава од коли и кафулиња, со што е нарушен мирот во населбата.

Младите имаа поделено мислење во однос на тоа дали се задоволни од активностите кои општината ги превзема од аспект на заштита на животната средина. Освен акцентираната потреба од намалување на бучавата и зголемување на зеленилото, останати предизвици кои беа истакнати се следниве:

- превземање мерки за заштита и намалување на загадувањето на воздухот, на пример превземање на соодветни активности за да се намали греењето на дрва
- подигнување на свеста на населението за зачувување на животната средина генерално, а особено во однос на потребата од рециклирање на отпадот и поставување на соодветни канти
- потреба од повеќе паркови за кучиња

*Комунални дејности*

**Приоритет: паркинг и зеленило.** Недоволно паркинг места, особено во реонот на Сити Мол. Се создава впечаток дека општината не знае колку паркинг е потребно и проблемот со недостаток на паркинг места постојано се зголемува и повторува со изградбата на секоја нова зграда. Изградбата на нови згради истовремено го намалува постоечкото зеленило.

Останати предизвици:

- дупки на улици. Проблемот би можел да се реши доколку општината овозможи мапирање на истите преку GPS
- да се поставaт повеќе јавни чешми со вода за пиење
- потреба од јавно осветлување на сите тротоари
- собирање на габаритниот отпад на одреден временски период (неделно или месечно), преку акции за собирање организирани од страна на општината
- потреба од поставување на повеќе корпи за отпадоци на кејот на Вардар

*Локален економски развој*

**Приоритет: иницијативи за поттикнување и поддржување на претприемачкиот дух на младите.** Младите сметаат дека има недостаток на иницијативи за поддршка на локалната економија, кои би помогнале во развој на претприемништвото и бизнис иницијативата кај младите, како и неможност за обавување на пракса или волонтирање на студентите во општината.

Од аспект на млади и локален економски развој, општината беше оценета негативно. Истовремено, младите имаат предлози и идеи кои таа би можела да ги реализира, со што би се одговорило на предизвиците од овој аспект, бидејќи младите над 21 година се особено загрижени за невработеноста:

- обезбедување простории за младите кои сакаат да основаат бизнис
- бизнис-консултантски услуги за младите овозможени од општината
- основање на општински бизнис инкубатор
- организирање општински натпревар по бизнис идеи и финансирање на најдобрите
- организирање мотивациони говори каде младите би се запознале со (нај)успешните претприемачи од општината
- создавање на мрежа на бизнис ангели кои живеат во општината
- оддржување на општински бизнис саем
- поголем акцент на праксата

*Култура*

**Приоритет: културни манифестации.** Прилагодување на постоечките културни манифестации и случувања на интересите на младите, односно пред да се донесе одлука, на пример за тоа кој би настапувал, да се консултираат младите.

Младите на возраст до 21 година сметат дека Карпош е доволно развиен, додека постарите сметаат дека е недоволно културно развиен. Ова се останатите културни предизвици на младите:

- поголема промоција на младите артисти кои живеат во Општина Карпош
- на плоштадите да настапуваат пејачи чија музика младите ја слушаат
- поголема информираност за манифестациите кои веќе се оддржуваат
- поголема промоција на постоечката кинотека, на пример во Карпош Урбан
- бесплатни драмски претстави и репертоари кои почесто се менуваат
- одредување на места кои би се разубавиле со графити, а воедно и заштита на зградите од чкртање и тагови

***Спорт и рекреација***

**Приоритет: реконструции.** Младите сметаат дека постојат недосредени и нереновирани спортски објекти, додека оние кои се средени се дадени под концесија и се наплаќаат, така што тоа што постои не е достапно. Дополнително, сметаат дека кога се вложува во изградба и реновирања, треба да се вложува во оној спорт кој се игра, на пример во фудбал и баскет, а не во тенис или алпинизам. Во контекст на реконструции, исто така беше акцентирана потребата од реконструција на кејот на Вардар.

И за оваа област има поделено мислење помеѓу младите во однос на тоа дали се задоволни од активностите кои општината ги превзема за промоција и развој на спортот и рекреацијата или не. Како останати предизвици беа споменати:

- потреба од организирање на повеќе рекреативни турнири во мал баскет за различни возрасти
- отварање на бесплатни општински центри за рекреација
- повторна организација на фудбалскиот турнир Сокол
- повеќе иницијативи организирани од општината, на пример искачување на Водно

***Социјална заштита и заштита на децата***

**Приоритет: тротоари и рампи**. Превисоките тротоари и недостатокот на рампи се пречка и се сметаат за негрижа кон инвалидните. Тие ја оневозможуваат мобилноста на инвалидите и велосипедистите, особено на споредните улички.

Како и во останатите области и од аспект на социјалната заштита и заштитата на децата, мислењето на младите над 21 година е понегативно во споредба со помладите. Освен високите тротоари и недостатокот на рампи, останати предизвици кои беа споменати се следниве:

- отварање на јавни кујни
- отварање на центри за лица со посебни потреби
- отварање на повеќе градинки кои (како и сега) ќе бидат достапни само за жителите на општината

- водење на поголема грижа за социјално ранливите категории, особено обезбедување на поголема заштита на лицата со посебни потреби
- доколку во училиштата се организираат екскурзии, трошоците за социјалните случаи треба да бидат обезбедени од страна на општината

***Образование***

**Приоритет: младински локален клуб**, односно обезбедување на просторија наменета за вклучување на младите во креирањето на општински политики кои ги засегаат и која би го зајакнала нивното меѓусебно комуницирање и дружење.

Останати предизвици:

- стипендии. Потреба од повеќе стипендии во различни области и за различни возрасти. Сегашниот фокус е најмногу на спортот, а потребни се стипендии и за природи и општествени науки итн. Младите сметаат дека позитивно би било доколку и студентите имаат право на стипендија.
- отварање на Community college кој би бил бесплатен за млади
- создавање на соодветни услови за образование на лицата со посебни потреби
- стопирање на лошите кадровски политики, односно опаѓањето на квалитетот на образованието поради вработување врз основа на членство во политичка партија
- во рамки на општината да може да се бира во кое училиште ќе се посетува настава
- организација на повеќе едукативни посети, на пример во зоолошката градина
- недостаток на читални кои би можеле да бидат отворени во рамки на основните и средните училишта

***Здравстена заштита***

Од аспект на здравствената заштита младите имаа генерално позитивен став и споредено со другите области, имаа многу помалку и помали предизвици кои ги издвоија:

- вработување на повеќе стручни лица од различни области во училиштата
- реновирање на диспанзерот и да се размисли да се отворат повеќе помали
- вработување здравствени лица во оние училишта во кои нема таков персонал
- почесто организирање на бесплатни проверки на кои би се прегледувале младите
- почесто организирање на крводарителски акции
- отварање на општински здравствен дом и дежурна служба
- вработување на повеќе дефектолози во училиштата

***Најприоритетно***

Иако младите беа во можност да идентификуваат и дискутираат за проблеми и предизвици со кои се соочуваат во различни области од надлежностите на локалната самоуправа, сепак сите (15-21 година) се согласуваат дека долунаведените четири проблеми и потреби се најприоритетни:

1. ***Отварање на департизиран младински локален клуб и вклучување на младите во креирањето на општински политики кои ги засегаат***
2. ***Спречување на понатамошното непланско урбанизирање, односно изградбата на нови и неквалитетни згради на несоодветни места***
3. ***Превземање на мерки со цел да се намали загаденоста, особено на воздухот***
4. ***Превземање на иницијативи со цел да се намали невработеноста, за која што се смета дека дополнително придонесува кон стареење на населението во општина Карпош бидејќи младите се повеќе се иселуваат. Од овој аспект може да се искористат идеите набројани во категоријата Локален економски развој.***

Младите од Општина Карпош беа едногласни и гласни за потребата од постоење на младински клуб, преку кој би имале можност да се вклучат волонтерски во работењето на општината, да се дружат и да ги пренесуваат своите идеи и иницијативи на вработените во општината, со цел подобро да се адресираат нивните потреби. Тие сметаат дека општината треба да овозможи отворање на Младински локален клуб, но истовремено да се дистанцира од него, со цел истиот да не се партизира и да не се претвори во партиски штаб, што би ги оттргнало младите од негово посетување. Исто така, сметаат дека во клубот на треба да има претставници од ниту една политичка партија.

Младите сметаат дека во овој клуб, општината може да организира трибини, дебати, обуки, курсеви и други форми на едукација, да се делат промотивни материјали, младите да испраќаат предлози и поплаки, да се организираат фокус групи со млади во кои ќе се детектираат проблеми, или да се договараат конкретни акции: на пример собирање отпад или реализација на конкурси за најдобри идеи. Преку овој клуб, општината би можела да информира за активностите кои следат и кои се важни за младите.

Учесниците особено беа задоволни што беа повикани да ги искажат своите проблеми и идеи за нивно решавање и во многу наврати нагласија дека би биле многу задоволни и би било многу позитивно за општината и за позицијата на младите во неа, доколку таа организира фокус групи и дискусии со млади со цел да ги чуе нивните потреби, критики и идеи за подобрување.

Младите од општина Карпош сметаат дека нема иницијатива од општината која ги вклучува. Сметаат дека неможе да учествуваат без да имаат партиска книшка, а дека повикот за учесници во Локалниот младински совет не бил распространет. Дел од нив не ни знаат за постоењето на ваков совет, а оние кои знаат, сметаат дека младите кои се дел од него се членови на партија. Од друга страна, младите имаат многу идеи, како и желба да придонесат во работата и развојот на општината и сметаат дека општината треба да биде пореспонзивна и поотворена за младите кои не се членови на партии, почнувајќи од воспоставување на департизиран младински локален клуб.